**СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Бр.09-8933/1 од 08.10.2025 година**
С К О П Ј Е

**ДО**
**ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 58 став (1) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**

Ја свикувам **Шеесет и седмата** седница на Советот на Општина Гази Баба, за **15.10.2025 година (среда) со почеток во 12:30 часот**.

За работата на седницата го предлагам следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за усвојување на извештај за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период ноември 2021 година - октомври 2025 година; и
2. Предлог - Одлука за распределба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2025/2026 година.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за правни и општи работи

**Претставник:** Васко Апостоловски, раководител на сектор

**ПРЕДЛОГ- ЗАКЛУЧОК**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕДОВНОСТА
НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО
ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
ЗА ПЕРИОД НОЕМВРИ 2021 ГОДИНА - ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 13 став (2) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период ноември 2021 година - октомври 2025 година, бр.03-8942/1 од 08.10.2025 година, Советот на Општина Гази Баба на _____________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕДОВНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД НОЕМВРИ 2021 ГОДИНА - ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот за редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба, во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, за период ноември 2021 година - октомври 2025 година, бр. бр.03-8942/1 од 08.10.2025 година , поднесен од секторот за правни и општи работи.

2. Заклучокот да се достави до сектор за правни и општи работи - одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот.

3. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

*СЕКТОР ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ*
**Бр.03-8942/1 од 08.10.2025 година**
Скопје

**ДО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Врз основа на член 13 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), секторот за правни и општи работи - одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот, согласно податоците од службената евиденција со кои располага, а кои се однесуваат на евиденција на редовноста на членовите на Советот на Општина Гази Баба во постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, до Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, го поднесува следниот:

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РЕДОВНОСТА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО ПОСТОЈАНИТЕ КОМИСИИ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД НОЕМВРИ 2021 ГОДИНА - ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА

Советот на Општина Гази Баба е конституиран на конститутивната седница одржана на 12.11.2021 година, со Одлука за верификација на мандати на членови на Советот на Општина Гази Баба, бр.09-4274/4 од 12.11.2021 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/21).

Извештајот се однесува на периодот од формирање на постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба (12.11.2021 година - на конститутивната седница формирање на комисија за мандатни прашања, избори и именувања и истиот ден - на втората седница на Советот беа формирани преостанатите постојани комисии) **до 26.09.2025 година**.

Постојани комисии на Советот на Општина Гази Баба (вкупно 13) се:

- Комисија за мандатни прашања, избори и именувања;
- Статутарно - правна комисија;
- Комисија за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба;
- Комисија за финансии и Буџет;
- Комисија за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина;
- Комисија за општествени дејности;
- Комисија за месна самоуправа;
- Комисија за одбележување на празници и манифестации и доделување награди и признанија;
- Комисија за локален економски развој;

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

- Комисија за земјоделие;
- Комисија за култура, спорт и рекреација;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите; и
- Комисија за негување и чување на традициите на македонскиот народ, заедниците и македонската држава и заштита на историските споменици и спомен обележја.

Во наведениот период, одржани се вкупно **341** седници на постојаните комисии на Советот на Општина Гази Баба, со следниот преглед на составот, одржаните седници и редовноста на членовите на постојаните комисии:

## КОМИСИЈА ЗА МАНДАТНИ ПРАШАЊА, ИЗБОРИ И ИМЕНУВАЊА

**седници - 31**

| | | |
|---|---|---|
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ:** | **- ЕЛЕНА ТАСЕВСКА[1]** | **1** |
| **ЧЛЕНОВИ:** | **- МАРТИН ДЕСПОДОВСКИ,** | **29** |
| | **- АНИТА ЦВЕТАНОСКА - МИЛЕСКА,** | **28** |
| | **-АЛЕКСАНДАР САША ДИМИТРИЈЕВИЌ,** | **19** |
| | **- САШО НАЧОВСКИ.** | **6** |

## СТАТУТАРНО - ПРАВНА КОМИСИЈА

**седници - 57**

| | | |
|---|---|---|
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ:** | **- ЕЛЕНА ТАСЕВСКА** | **11** |
| **ЧЛЕНОВИ:** | **- м-р САШО КУКЕСКИ,** | **57** |
| | **- ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА,** | **56** |
| | **- М-Р МАРТИН РИСТОВ,** | **9** |
| | **- ВЛАТКО ПЕТРЕСКИ.[2]** | **15** |

[1] Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, бр.09-6769/6 од 25 декември 2024 година
[2] Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, бр.09-1682/4 од 14 март 2024 година

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

## КОМИСИЈА ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ НА РАБОТАТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

**седници - 4**

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ: | - МИРЕЛА ПОТУРОВИЌ | 4 |
| ЧЛЕНОВИ: | - ДАЈАНА РИСТОВСКА, | 4 |
| | - ФИЛИП АНАСТАСОВ, | 4 |
| | - ГОРДАНА ЈОВИЌ - СТОЈКОВСКА, | 3 |
| | - ВЛАТКО ПЕТРЕСКИ. | 1 |

## КОМИСИЈА ЗА ФИНАНСИИ И БУЏЕТ

**седници - 56**

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ: | - м-р САШО КУКЕСКИ | 56 |
| ЧЛЕНОВИ: | - м-р ВИКТОР ТРПЕВСКИ,[3] | 14 |
| | - АЛЕКСАНДРА МОЦАНОВСКА[4], | 15 |
| | - м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ, | 52 |
| | -АЛЕКСАНДАР САША ДИМИТРИЈЕВИЌ, | 29 |
| | - м-р МАРТИН РИСТОВ, | 15 |
| | - ВЛАТКО РИСТОВСКИ. | 23 |

[3] Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, бр.09-5899/5 од 30 октомври 2024 година
[4] Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, бр.09-4601/4 од 27 август 2024 година

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

## КОМИСИЈА ЗА УРБАНИЗАМ, КОМУНАЛНИ РАБОТИ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

**седници - 56**

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ: | - м-р ВИКТОР ТРПЕВСКИ | 14 |
| ЧЛЕНОВИ: | - ФИЛИП АНАСТАСОВ, | 51 |
| | - м-р САШО КУКЕСКИ, | 55 |
| | - НИКОЛА ТУТЕВСКИ, | 52 |
| | - м-р АЛЕКСАНДАР КОВИЛОСКИ, | 50 |
| | - АЛЕКСНДАР САША ДИМИТРИЈЕВИЌ, | 29 |
| | - САШО НАЧОВСКИ, | 19 |
| | - ВЛАТКО РИСТОВСКИ, | 23 |
| | - м-р САФЕТ АДЕМИ. | 52 |

## КОМИСИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ

**седници - 41**

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ: | - м-р СОЊА ЗАШОВСКА | 30 |
| ЧЛЕНОВИ: | - м-р СИБЕЛА МАРКОВА, | 40 |
| | - м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ, | 34 |
| | - м-р САФЕТ АДЕМИ, | 35 |
| | - ПЕНКА ЧУДО. | 36 |

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

## КОМИСИЈА ЗА МЕСНА САМОУПРАВА

**седници - 14**

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ: | - ТОНИ СИМОНОВСКИ | 14 |
| ЧЛЕНОВИ: | - АЛЕКСАНДРА МОЦАНОСКА, | 2 |
| | - МАРТИН ДЕСПОДОВСКИ, | 14 |
| | - м-р САФЕТ АДЕМИ, | 13 |
| | - БЕРАТ ВЕСЕЛ. | 1 |

## КОМИСИЈА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРАЗНИЦИ И МАНИФЕСТАЦИИ И ДОДЕЛУВАЊЕ НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА

**седници - 0**

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ: | - СУЗАНА ТРПКОВСКА | 0 |
| ЧЛЕНОВИ: | - ГОРДАНА ЈОВИЌ - СТОЈКОВСКА, | 0 |
| | - м-р АЛЕКСАНДАР КОВИЛОСКИ, | 0 |
| | - м-р СИБЕЛА МАРКОВА, | 0 |
| | - МИРЕЛА ПОТУРОВИЌ. | 0 |

## КОМИСИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

**седници - 35**

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ: | - м-р МАРТИН РИСТОВ | 12 |
| ЧЛЕНОВИ: | - АНИТА ЦВЕТАНОСКА - МИЛЕСКА, | 33 |
| | - ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА, | 34 |
| | - ТОНИ СИМОНОВСКИ, | 32 |
| | - ФИЛИП АНАСТАСОВ, | 34 |
| | - САШО НАЧОВСКИ, | 10 |
| | - ВЛАТКО ПЕТРЕСКИ. | 14 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

## КОМИСИЈА ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ

седници - 2

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ: | - м-р СИБЕЛА МАРКОВА | 2 |
| ЧЛЕНОВИ: | - ТОНИ СИМОНОВСКИ, | 2 |
| | - ДАЈАНА РИСТОВСКА, | 2 |
| | - м-р САФЕТ АДЕМИ, | 2 |
| | - БЕРАТ ВЕСЕЛ. | 0 |

## КОМИСИЈА ЗА КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА

седници - 25

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ: | - НИКОЛА ТУТЕВСКИ | 23 |
| ЧЛЕНОВИ: | - м-р АЛЕКСАНДАР КОВИЛОСКИ, | 21 |
| | - ВИОЛЕТА ЗДРАВЕВСКА, | 24 |
| | - БЕРАТ ВЕСЕЛ, | 1 |
| | - МИРЕЛА ПОТУРОВИЌ. | 19 |

## КОМИСИЈА ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА ЖЕНИТЕ И МАЖИТЕ

седници - 13

| | | |
|---|---|---|
| ПРЕТСЕДАТЕЛ: | - м-р ЖИВКО БЕЛЧЕВ | 13 |
| ЧЛЕНОВИ: | - м-р СОЊА ЗАШОВСКА, | 10 |
| | - МАРТИН ДЕСПОДОВСКИ, | 10 |
| | - СУЗАНА ТРПКОВСКА, | 10 |
| | - МАРИЈА ЃОШЕВСКА. | 2 |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
ул. Архимедова бр.2 1000 Скопје, Македонија
тел: +389 (02) 322 66 55; факс +389 (02) 321 51 12; http:// www.gazibaba.gov.mk; opstina@gazibaba.gov.mk

**КОМИСИЈА ЗА НЕГУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ТРАДИЦИИТЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД, ЗЕДНИЦИТЕ И МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА И ЗАШТИТА НА ИСТОРИСКИТЕ СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА**

**седници - 7**

| | | |
|---|---|---|
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ:** | **- МАРИЈА ЃОШЕВСКА** | **3** |
| **ЧЛЕНОВИ:** | **- м-р АЛЕКСАНДАР КОВИЛОСКИ,** | **6** |
| | **- НИКОЛА ТУТЕВСКИ,** | **7** |
| | **- м-р ВИКТОР ТРПЕВСКИ,** | **0** |
| | **- ПЕНКА ЧУДО.** | **6** |

Во овој период, одржаните седници на постојаните комисии претходеа на одржани **66** седници на Советот на Општина Гази Баба, на кои беа донесени вкупно **1131** акти[5], односно по години: (од ноември) 2021 година - 119; 2022 година - 252; 2023 година - 295; 2024 година - 289 и 2025 година (до октомври) - 176 акти.

Со почит,

**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР,**
Васко Апостоловски

Доставено до:
- Претседател на Совет на Општина Гази Баба,
- архивата.

[5] Во вкупниот број на донесени акти и број на одржани седници на комисии ќе се додадат и податоците од 67 седница на совет.

# С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е

**Предлагач:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**Изготвувач:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и јавни дејности

**Претставник:** Александар Трајковски, виш соработник

**ПРЕДЛОГ- ОДЛУКА**

**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА УЧЕНИЧКИ УНИФОРМИ**
**ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА**
**ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

**СКОПЈЕ, ОКТОМВРИ 2025 ГОДИНА**

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 62 став (1) а во врска со член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), точка 5 од Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2025 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.24/24, 07/25 и 12/25), член 3 од Одлуката за воведување во употреба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/23) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на __________ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА УЧЕНИЧКИ УНИФОРМИ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

**Член 1**

(1) Со оваа одлука се распределуваат ученичките униформи од I (прво) до IX (деветто) одделение во 11 (единаесет) општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2025/2026 година, обезбедени со средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година - Програма за основното образование на Општина Гази Баба за 2025 година.

(2) За учебната 2025/2026 година се распределуваат вкупно 13.234 поло маици со кратки ракави, 6.617 маици со долги ракави и 6.617 дуксери флечер.

**Член 2**

Секој ученик се задолжува со 2 (две) поло маици со кратки ракави, 1 (една) маица со долги ракави и 1 (еден) дуксер флечер.

**Член 3**

Распределбата на ученичките униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, во учебната 2025/2026 година од членот 1 од оваа одлука е следна:

1) Во ООУ "Стив Наумов", Општина Гази Баба - Скопје:
   1640 поло маици со кратки ракави;
   820 маици со долги ракави и
   820 дуксер флечер.

2) Во ООУ "Григор Прличев", Општина Гази Баба - Скопје:
   632 поло маици со кратки ракави;
   316 маици со долги ракави и
   316 дуксер флечер.

3) Во ООУ "22 Ноември", Општина Гази Баба - Скопје:
   3402 поло маици со кратки ракави;
   1701 маици со долги ракави и
   1701 дуксер флечер

4) Во ООУ "Вера Јоциќ", Општина Гази Баба - Скопје:
   1018 поло маици со кратки ракави;
   509 маици со долги ракави и
   509 дуксер флечер.

5) Во ООУ "Дане Крапчев", Општина Гази Баба - Скопје:
   1466 поло маици со кратки ракави;
   733 маици со долги ракави и
   733 дуксер флечер.

6) Во ООУ "Кирил и Методиј" - Стајковци,Општина Гази Баба - Скопје:
   784 поло маици со кратки ракави;
   392 маици со долги ракави и
   392 дуксер флечер.

7) Во ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје:
   982 поло маици со кратки ракави;
   491 маици со долги ракави и
   491 дуксер флечер.

8) Во ООУ "Крум Тошев" - Трубарево, Општина Гази Баба - Скопје:
   618 поло маици со кратки ракави;
   309 маици со долги ракави и
   309 дуксер флечер.

9) Во ООУ "Наум Наумовски - Борче", Општина Гази Баба - Скопје:
   1004 поло маици со кратки ракави;
   502 маици со долги ракави и
   502 дуксер флечер.

10) Во ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје:
   646 поло маици со кратки ракави;
   323 маици со долги ракави и
   323 дуксер флечер.

11) Во ООУ "Његош" - Јурумлери, Општина Гази Баба - Скопје:
   1042 поло маици со кратки ракави;
   521 маици со долги ракави и
   521 дуксер флечер.

**Член 4**

Секој училишен одбор во општинските основни училишта може со посебен акт поблиску да ја уреди процедурата во врска со задолжителното носење на ученичките униформи.

**Член 5**

Одлуката да се достави до општинските основни учлилишта.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број ________**
**од __.__.2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

**НА ПРЕДЛОГ - ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА УЧЕНИЧКИ УНИФОРМИ ВО ОПШТИНСКИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА**

***ПРАВЕН ОСНОВ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ***

Правен основ за донесување на оваа Предлог-Одлука е член 62 став (1) а во врска со член 22 став (1) точка 8 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), точка 5 од Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2025 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.24/24, 07/25 и 12/25) и член 3 од Одлуката за воведување во употреба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/23).

***ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ***

Во програмата за работа на Општина Гази Баба за период 2021-2025 година е предвидено воведување на ученички униформи за учениците во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба. За таа цел во Програмата за основното образование на Општина Гази Баба за 2025 година, во точка 5 е предвидено дека за ученички униформи во основните училишта се определуваат 20.890.825,00 денари од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година (две парчиња со долги ракави и две парчиња со кратки ракави за околу 7.000 ученици).

Претходно, Советот на Општина Гази Баба на триесет и четвртата седница одржана на 28 ноември 2023 година донесе Одлука за воведување во употреба на ученички униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба, бр.09-8732/11 од 28.11.2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.17/23). Во членот 3 од донесената одлука е наведено дека "Распределбата на ученичките униформи во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Гази Баба за учебната 2023/2024 година и секоја наредна учебна година ќе се врши со посебна одлука донесена од Советот на Општина Гази Баба."

Со оваа Предлог-Одлука за учебната 2025/2026 година се распределуваат вкупно **13.234 поло маици со кратки ракави, 6.617 маици со долги ракави и 6.617 дуксери флечер,** со преглед по општинските основни училишта даден во членот 3 од Предлог-Одлуката.

Со членот 4 од Предлог-Одлуката се дава можност секој училишен одбор во општинските основни училишта со посебен акт поблиску да ја уреди процедурата во врска со задолжителното носење на ученичките униформи, доколку смета дека е неопходно.

***ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***

Предлог-Одлуката нема финансиски импликации во Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година.

Поради изнесеното, му предлагаме на Советот на Општина Гази Баба да ја донесе Предлог-Одлуката.

***ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА***